# СЛУЖБЕ

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТ[

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ“ излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Четврток, 4 јануари 1973
БЕЛГРАД
БРОЈ 1 ГОД. XXIX

Цена на овој број е 2 динари. — Претплатата за 1973 година изнесува 270 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226 — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671.


1.

Врз основа на член 72 од Законот за печатот и за другите видови информации („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 45/60 и „Службен лист на СФРЈ“, бр. 15/65), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА СПИСАНИЕТО „L' EUROPEO“

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на списанието „L' Europeo“, број 49 од 7 декември 1972 година, кој излегува на италијански јазик во Милано, Италија.

Бр. 650-1-12/86
27 декември 1972 година
Белград

По овластување од
сојузниот секретар за
внатрешни работи
потсекретар,
**Саит Мераку,** с. р.

2.

Врз основа на член 72 од Законот за печатот и за другите видови информации („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 45/60 и „Службен лист на СФРЈ“, бр. 15/65), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ »DIE WELTWOCHE«

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на весникот „Die Weltwoche“, број 48 од 29 ноември 1972 година, кој излегува на германски јазик во Цирих, Швајцарија.

Бр. 650-1-30/4
28 декември 1972 година
Белград

По овластување од
сојузниот секретар за
внатрешни работи
потсекретар,
**Саит Мераку,** с. р.

3.

Врз основа на член 72 од Законот за печатот и за другите видови информации („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 45/60 и „Службен лист на СФРЈ“, бр. 15/65), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА СПИСАНИЕТО „LA NOUVEL OBSERVATEUR“

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на списанието „Le Nouvel Observateur“, број 421 од 4/10 декември 1972 година, кој излегува на француски јазик во Париз, Франција.

Бр. 650-1-5/275
28 декември 1972 година
Белград

По овластување од
сојузниот секретар за
внатрешни работи
потсекретар,
**Саит Мераку,** с. р.

# УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

## ОДЛУКА

### ЗА ОЦЕНА НА УСТАВНОСТА И ЗАКОНИТОСТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ЧЛЕН 22 и СТ. 2, 3 и 4 НА ЧЛЕН 24 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ И НА ТАБЕЛАТА 1 РЕДЕН БРОЈ 4 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈАТА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА РАБОТНИЦИТЕ ВО ШУМСКОТО СТОПАНСТВО ВО СЛАВОНСКА ПОЖЕГА

I. Со одредбите на член 24 од Правилникот за распределба на личните доходи на Шумското стопанство во Славонска Пожега од 18 септември 1970 година е пропишано на работникот, покрај постојаниот и променливиот број на бодови, според кој се утврдува неговиот личен доход, а кој се одредува според критериумите и мерилата што се пропишани во тој правилник, да му припаѓаат и одреден број бодови сразмерно на должината на работниот стаж (став 1 на тој член).

Со одредбите на ст. 2, 3 и 4 на член 24 од правилникот е предвидено овој додаток да му припаѓа на работникот под услов, во текот на месецот сите работни денови да ги поминал на работното место, т.е. ниеден работен ден да не изостанал неоправдано од работа“; „во месецот во кој работникот не ги

работел сите работни денови поради тоа што бил на годишен одмор, боледување, платено отсуство, неплатено отсуство, што настапил на работа во текот на месецот, престанал со работата во текот на месецот, стимулацијата на годините на работен стаж да му припаѓа на работникот сразмерно со бројот на деновите поминати на работа во текот на месецот под услов да нема неоправдани изостаноци од работа", а „за деновите кога работникот не работи без своја кривица да му припаѓа стимулација за сето време поминато на работа".

Врз основа на наведените одредби на правилникот, како што произлегува од изложеното, на работникот во односниот пресметковен период му се ускратува правото на дел од личниот доход, изразен низ одреден број бодови, и кога тој во тој пресметковен период вложил фактичен труд односно кога на своето работно место го поминал ефективно работното време.

Со одредбата на Уставниот амандман XXI точка 3 став 2 е предвидено на секој работник во организацијата на здружениот труд, согласно начелото на распределбата според трудот, да му припаѓа личен доход сразмерно со резултатите на неговиот труд и неговиот личен придонес за успехот и развојот на организацијата што тој го дал со својот вкупен, тековен и минат труд во неа. Овие елементи законодавно-правната регулатива, вклучувајќи ја и самоуправната, може да ги разработува заради нивна полна конкретизација, но не и на начин кој и самото право на личниот доход, било во целост или делум, го доведува во прашање, како што е тоа во конкретниот случај предвидено. И според одредбата на член 79 на Основниот закон за работните односи, на работникот му припаѓа право врз основа на својот работен придонес и зависно од работните и деловните резултати на работната организација во која работи, да учествува во распределбата на средствата што работната заедница ги издвојува за лични доходи.

Од причината што на Уставот и законот им е спротивно секое нормирање со кое се ускратува правото на работникот односно во кој и да било вид и облик се доведува во прашање правото на работникот на личен доход по основ на трудот, Уставниот суд поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на наведените одредби на Правилникот и врз основа на јавната расправа утврди дека тие одредби се несогласни со Уставот и законот.

II. Уставниот суд со решение У бр. 11/72 од 31 мај 1972 година поведе постапка и за оценување на уставноста и законитоста на одредбите на член 22 од Правилникот за распределба на личните доходи и на одредбата на Табелата 1 реден број 4 од Правилникот за систематизацијата на работните места на работниците во Шумското стопанство во Славонска Пожега. Со тие одредби е предвидено намалување на стартната основица на личниот доход на работникот кој нема школска подготовка од оној правец на образованието, кој е предвиден за односното работно место. Уставниот суд по одржаната јавна расправа одлучи во тој дел да ја запре постапката, бидејќи според становиштето на Уставниот суд стручноста како објективна категорија може да се земе како можен елемент при одредувањето на основите и мерилата за утврдување на личните доходи односно дека таквото нормирање не им е спротивно на Уставот и Законот.

III. Врз основа на изложеното, а врз основа на член 241 став 1 точка 3 од Уставот на СФРЈ и член 26 од Законот за Уставниот суд на Југославија, Уставниот суд на Југославија

**одлучи**

1. Се укинуваат одредбите на **ст. 2, 3 и 4 на** член 24 од Правилникот за распределба на личните доходи на Шумското стопанство во Славонска Пожега.

2. Се запира постапката за оценување на уставноста и законитоста на одредбите на член 22 од Правилникот за распределба на личните доходи и на Табелата 1 реден број 4 од Правилникот за систематизацијата на работните места на работниците во Шумското стопанство во Славонска Пожега.

3. Оваа одлука се објавува во „Службен лист на СФРЈ" и на огласната табла на Шумското стопанство во Славонска Пожега.

IV. Оваа одлука Уставниот суд на Југославија ја донесе во состав: претседател на Судот Блажо Јовановиќ и членови на Судот д-р Борислав Благоевиќ, Иван Божичевиќ, д-р Александар Фира, Радивое Главиќ, Димо Кантарџиски, Ѓуро Меденица, д-р Стане Павлич, Ненад Петровиќ, Боривое Ромиќ, д-р Иво Сунариќ, Таип Таипи и Јоже Земљак.

У бр. 11/72
6 ноември 1972 година
Белград

Го заменува претседателот
на Уставниот суд
на Југославија
судија,
д-р **Борислав Благоевиќ**, с. р.

# ОДЛИКУВАЊА

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на Уставниот амандман XXXVIII точка 4 под 4 и член 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат за примерни заслуги и умешност во работата на развивањето на постојан полет заради остварување на поставените задачи во единиците со кои раководат, како и за создавање услови за постигање на исклучително добри успеси во своите единици и установи

### СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ГОЛЕМА ЅВЕЗДА

полковникот на оклопни единици: Борас Мате Јерко;

артилериските полковници: Брајовић Перов Радисав, Брајовић Војина Вукашин, Чанади Виктора Зорко, Радовић Јовета Чедо;

### СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ЗЛАТНИ МЕЧЕВИ

пешадиските полковници: Бановец Станислава Силво, Баштић Јове Душан, Николић Ђуре Никола;

полковникот на оклопни единици: Беровић Фране Дане;

артилериските полковници: Цвјетковић Стеве Ристо, Милиша Шимуна Јерко, Тадић Милорада Ратко;

техничките полковници: Чудић Константина Ђуро, Орлић Мојсија Милан, Стевановић Стевана Стојан, Врабовац Велимира Ђуро;

инженерискиот полковник: Грабар Романа Целистин;

полковникот на АБХ одбрана: Поповић Димитрија Светозар;

артилериските потполковници: Алерић Ивана Анте, Бацковић Ристе Саво, Делић Новака Вукота, Гусић Илије Фрањо, Милановић Милоша Чедомир, Радетић Дује Драго, Рапајић Петра Будимир, Трошт Фридриха Славко;

техничките потполковници: Андрић Новице Чемир, Бошковић Тодора Његослав, Драшковић Радоја Душан, Ђорђевић Новице Михајло, Ђорђевић Павла Влада, Ђурић Љубомира Драган, Јовичић Јована Светозар, Миладиновић Александра Добривоје, Митић Животе Боривоје, Ружић Јефте Стеван, Самарџић Папте Рајко;

интендантските потполковници: Аранђеловић Милутина Милоје, Рогановић Петра Мило, Васиљевић Богољуба Цветко;

пешадиските потполковници: Бенедик Виктора Виктор, Чичић Душана Милан, Костић Серафима Боро, Куга Илије Бранко, Радић Илије Драго, Реџепагић Мухамеда Шериф, Шоша Стјепана Лука;

потполковникот на геодетска служба: Беоковић Николе Владимир;

потполковниците на АБХ одбрана: Ђурчић Ђоке Стеван, Станојевић Стојила Душан, Стипсић Спире Милош, Шаулић Михајла Милорад, Васић Јеленка Ђорђе;

инженериските потполковници: Гроф Оскара Павао, Кораћ Илије Душан, Милић Стевана Лазо, Новаковић Миле Радојица, Пејчиновић Ђурђа Јово, Пухарић Клемента Његослав, Шеќовић Мирка Војислав;

потполковниците на оклопни единици: Милутиновић Тихомира Душан, Пуић Ђуре Душан, Станић Алексе Славко;

потполковниците на градежна служба: Милутиновић Адама Радован, Минић Владета Веселин;

потполковникот на финансиска служба: Раилић Павла Петар;

артилериските мајори: Добрињац Арсенија Петар, Каришик Мирка Симо, Стоиљковић Мике Драгољуб;

техничкиот мајор: Милошевић Новице Милијан;

инженериските мајори: Палонијо Ане Иван, Станојевић Богоја Стеван, Васиљевић Аќима Милош;

мајорот на сообраќајна служба: Жанетић Ивана Анте;

капетанот I класа на финансиска служба: Ћосо Цвијетка Милорад;

артилериските капетани I класа: Косић Славка Лазар, Жунић Раде Драган;

капетанот I класа на сообраќајна служба: Стојановић Александра Лука;

## СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО СРЕБРЕНИ МЕЧЕВИ

артилериските потполковници: Ђурђаковић Павла Мирослав, Вељић Радоње Панто;

артилерискиот мајор: Алибеговић Бахрудина Ибрахим;

мајорите на АБХ одбрана Кљајић Новака Драгутин, Пирушић Уроша Радослав;

техничките мајори: Кресић Петра Растко, Личина Шпире Ђуро, Ловрић Станка Угљеша, Ждрња Стојана Војин, Живковић Васе Јелисије;

инженериските мајори Лалевић Марка Драгомир, Петровић Обрада Љубинко;

санитетскиот мајор: Миловановић Велимира Александар;

мајорот на градежна служба: Шакота Видоја Лазар,

санитетските капетани I класа: Ајлец Фрање Владимир, Матла Романа Драгутин;

капетанот I класа на геодетска служба: Цанић Глигорија Мирољуб;

техничките капетани I класа: Давчић Ивана Божидар, Грујић Петра Илија, Милинковић Милије Богомир, Михаиловић Александра Србислав, Орлов Мирослава Мирослав, Прошевски Михаила Јован, Радан Алексе Радован, Шумар Бранка Томислав;

капетанот I класа на градежна служба: Јовановић Адама Миодраг;

капетаните I класа на АБХ одбрана: Коцић Ђорђа Милија, Комадина Милача Никола, Станковић Живојина Радован;

капетаните I класа на техничка служба: Крмановић Љубомира Петар, Тадић Михајла Томислав;

артилериските капетани I класа: Николић Светозара Владо, Зајчић Јосипа Камило;

инженерискиот капетан I класа: Радевски Косте Раде;

пешадискиот капетан I класа: Тодорић Анте Јосип;

ветеринарниот капетан I класа: Вујновић Томе Војислав;

капетаните на АБХ одбрана: Беднаш Антона Алојз, Павловић Милована Божидар, Петрушић Стевана Драгић;

техничките капетани: Благојевић Војина Драгољуб, Јанковић Мије Божо, Милутиновић Матије Светислав, Новковић Николе Видосав, Пачковски Бориса Тодор, Паскаш Мане Милан;

инженериските капетани: Чекић Душана Гојко, Јовичевић Шпире Илија, Милановић Драгољуба Милоје;

интендантскиот капетан: Јованов Константина Никола;

капетанот на административна служба: Коларевић Миодрага Душан;

пешадискиот капетан: Павловић Чедомира Милан;

санитетскиот поручник: Башкот Пере Слободан;

инженериските поручници: Бирушки Стјепана Звонимир, Урошевић Богдана Милан;

пешадиските поручници: Ћирковић Велимира Миломир, Ђурчин Александра Ђорђе, Драгић Марка Вељко, Ђорђевић Владе Михајло, Мургуз Арифа Бајро, Перунчић Радише Негослав, Радаковић Милана Душан, Стоиловић Драгољуба Стојан, Стојановић Милете Љубисав, Вуковић-Ђуре Дарко;

поручниците на оклопни единици: Ђорђевић Живојина Бранислав, Граорац Вида Ратко, Хасотић Хашима Месуд Кристић Јосипа Иван, Ненов Александра Стојан, Симовић Васе Божо, Станимировић Теодосија Душан, Зубер Марка Данило;

интендантскиот поручник: Граховац Максима Момчило;

артилериските поручници: Крстић Живојина Драган, Мирковић Ђуре Милош;

техничкиот поручник: Пеќник Драгутина Маријан;

поручникот на сообраќајна служба: Сендић Мује Ќулага;

потпоручниците на оклопни единици: Богичевић Милорада Милијан, Бикић Јована Светислав, Имамовић Мехмедалије Расим, Јовановић Драгомира Добривоје Ловрић Бранка Љубомир, Станимировић Јована Станимир Шобић Вида Слободан Томић Шпире Александар Тот Павла Јожеф, Видовић Милинка Слободан;

артилериските потпоручници: Цвјетан Миливоја Љубомир, Пршић Василија Милоје;

интендантскиот потпоручник: Јовановић Луке Ратко;

пешадиските потпоручници: Луковић Никодина Вукота, Палибрк Драгана Богољуб, Петровић Петра Милисав;

техничкиот потпоручник: Сладаковић Милана Илија;

инженериските заставници: Алексић Сибина Бошко, Куч Саве Раде;

интендантските заставници: Алексиќ Ивана Драгомир, Ђук Мије Петар, Драгишиќ Петра Милош, Радиќ Цвијетина Ђорђе, Томашевиќ Илије Анте;

техничките заставници: Бајиќ Реље Ђорђе, Цифер Штефана Штефан, Чемас Јосипа Јосип, Илиќ Милорада Радослав Крнц Игнаца Алојз, Младеновиќ Стевана Светозар. Путиња Ернеста Ернест:

заставникот на оклопни единици: Батиќ Михајла Мирко;

заставниците на административна служба: Ивановиќ Миле Бранко, Котур Стојана Ђуро, Лазовиќ Владимира Милентије, Маринков Славка Милош, Милановиќ Душана Ненад, Милиќевиќ Рада Митиќ, Пауновиќ Војислава Драгослав, Раѓеновиќ Сиќе Славко, Рапиќ Стјепача Иван, Росандиќ Богдана Обрен, Симоновиќ Миодрага Добривоје, Станојевиќ Јосипа Славко, Вулетиќ Ристе Симо, Зечевиќ Константина Витомир;

артилерискиот заставник: Колак Миле Јосип;

заставникот на АБХ одбрана: Рогиќ Стеве Ђорђе;

заставникот на финансиска служба: Ропоша Стевана Руди;

постарите водници I класа на административна служба: Бајиќ Мирка Милорад, Гордиќ Владе Вук, Мијушковиќ Павла Арсеније, Радовановиќ Славка Слободан, Станковиќ Милутина Божидар, Вашалиќ Обрада Рајо;

воздухопловнотехничкиот постар водник I класа: Босниќ Андрије Ђуро;

постарите водници I класа на финансиска служба: Цветковиќ Ратка Драгослав, Рашиќ Филипа Иван;

инженериските постари водници I класа: Глушац Шаќира Фехим, Карачиќ Петра Иван, Милошевиќ Стеве Душан, Пешут Марка Јосип, Тадиќ Јозе Марко;

артилериските постари водници I класа: Јеремиќ Живадина Славиша, Савиќ Манојла Јован;

постарите водници I класа на оклопни единици: Касумовиќ Хамдије Сулејман, Крстиќ Светозара Вељко;

интендантските постари водници I класа: Милановиќ Петра Раде, Потпариќ Уроша Момир, Златановиќ Мирка Боривоје;

техничките постари водници I класа: Пешиќ Жарка Ђуро, Секулиќ Јована Раде, Стојановиќ Миливоја Настас, Живковиќ Светислава Бранислав;

постариот водник I класа за врска: Петровиќ Александра Светислав;

постариот водник I класа на сообраќајна служба: Станковиќ Вукомира Миодраг;

санитетскиот постар водник I класа: Жаја Мате Јаков;

постарите водници на административна служба: Андриќ Среќка Драгољуб, Јовановиќ Божидара Љубомир;

пешадиските постари водници: Бошковиќ Војислава Светко, Јовановиќ Драгољуба Градимир;

инженериските постари водници: Брајковиќ Грге Стипе, Јовановиќ Милије Томислав, Миловановиќ Радомира Миодраг;

артилериските постари водници: Ивановиќ Обрена Драган, Милеусниќ Ђуре Рафајло, Николиќ Јордана Славко;

постарите водници на оклопни единици: Мириќ Наќе Љубомир, Стевовиќ Александра Желимир;

техничките воени службеници IV класа: Божовиќ Стјепана Ружица, Марков Душана Верица;

воениот службеник VI класа на административна служба: Кочановиќ Милентија Михаило;

за особени заслуги во изградбата и јакнењето на оружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и за особени успеси во раководењето со воените единици, во нивното зацврстување и оспособување за одбрана на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

## СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

артилериските полковници: Бањац Михајла Ненад, Вуколиќ Милосава Петар;

полковниците на оклопни единици: Божановиќ Радула Драго, Петровиќ Алексе Бранко;

полковникот на градежна служба: Филиповиќ Радомира Љубомир;

пешадиските полковници: Ловрен Петра Бранко, Вукановиќ Петра Стево;

инженерискиот полковник: Љујиќ Павла Славенко;

полковниците на АБХ одбрана: Мандариќ Васе Милош, Скупљак Антона Јосип;

пешадискиот потполковник: Бачиниќ Марка Анте;

потполковникот на градежна служба: Голиќ Јована Ђорђе,

инженерискиот потполковник: Пленковиќ Ивана Миљенко;

артилерискиот потполковник: Шумоња Стевана Милан;

потполковникот за врска: Вујаниќ Павла Живан;

## СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

артилериските потполковници: Бошковиќ Гаврила Милорад, Ђуровиќ Марка Никола, Мирчиќ Миливоја Момчило, Николиќ Јосипа Вјекослав, Правица Лазара Тошо;

Бр. 164
22 декември 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

## СОДРЖИНА:


Страна

1. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на списанието „L'Europeo" — 1
2. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „Die Weltwoche" — 1
3. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на списанието „Le Nouvel Observateur" — — — — — — — — — 1

Одлука за оцена на уставноста и законитоста на одредбите на член 22 и ст. 2, 3 и 4 на член 24 од Правилникот за распределба на личните доходи и на Табелата 1 реден број 4 од Правилникот за систематизацијата на работните места на работниците во Шумското стопанство во Славонска Пожега — — — — — — — — — — 1

Одликувања — — — — — — — — — — — 2


**Ослободено од основниот данок на промет врз основа на мислењето на Републичкиот секретаријат за култура на СР Србија, бр. 413-55/72-03 од 15 август 1972 година**

**Издавач: Новинска установа „Службен лист на СФРЈ". Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовиќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1 — Печати Београдски графички завод, Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17**